ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ - СКОПЈЕ NOËRMARRJA PUBLIKE - SHKUP

Архивски број | Numri i arkivit 04-1708/2
Дата | Data 14 10 2024

Врз основа на чл.37-њ и 37- н од Законот за јавни претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.38/96, 39/16, 64/18 и 35/19), чл.20–23 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги 02-1194/11 од 22.06.2017, вд Директорот на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 04/2024**
**за пополнување на работно место со унапредување на даватели на услуги**

1. **Советник на дирекор за градско зеленило,** шифра 004/КДР0305А01084, (1) еден извршител,
   - ***Посебни услови***
   - Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен *(Шумарство и хортикултура, Растително производство, Наука за земјиштето и хидрологија);*
   - за нивото А1 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватнен сектор;
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда,
   - Распоред на работно време
   - Работни денови од понеделник до петок 07:00 - 15:00 часот
   - Работни часови неделно 40 часа
   - Паричен нето износ на плата 47.085,90 денари.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнува и следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се пријават сите вработени од претпријатието кои ги исполнуваат општите и посебните услови пропошани за соодветното работно место согласно правилникот за систематизција на работните места во претпријатието.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП „Паркови и зеленило" Скопје до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса ЈП „Паркови и зеленило" Скопје, бул.Илинден бр. со назнака "за интерен оглас".

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на ВД Директорот на ЈП „Паркови и зеленило" - Скопје.

**<u>НАПОМЕНА:</u>** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
**NP PARQE DHE GJELBËRIME**
**в.д Директор/u.d.Drejtor,**
**Jeton Buqi**